

СТАРО

# Б Е Р


O B O

# на сред море оган гори



монахиња Макрина:

Старите фотографии се всушност еден вид времеплов, со кој за миг се пренесувате во просторот уловен на сликата. Речиси е необјасниво (освен технички, се разбира), како е можно еден стоти дел од секундата да биде изгравиран во светлина, и таквиот фото-запис по едно извесно време да биде патување и тоа, обично, во минатото. Колку што е фотографијата постара, толку нашето препознавање на нејзината содржина е побрзо и подиректно, бидејќи има поголема зафатнина во колективното несвесно. Тоа не е ништо друго, туку она што нашите баби и дедовци ни го раскажувале за своето детство. Во просек тоа е едно растојание од барем седумдесетина години. Фотографијата ова растојание го поминува побрзо и од самата светлина.

На запад од соседна Бугарија, а во срцето на Источна Македонија, велат дека Берово е во средината на триаголникот што се добива ако се поврзат градовите Скопје, Солун и Софија.

Накалемено врз прекрасните пејсажи на Малешевската котлина, ова мирно гратче, на 850 метри надморска височина, си ја пишува својата историја негибнато од сѐ што на почетокот на 21 век претставува тренд во процесот на светската глобализација, а тоа во секојдневието значи фастфуд, синџир супермаркети, отуѓеност во меѓучовечките односи, интернетоманија, стресови, нервози, итн.

Типично за ова гратче е пред сѐ - гостољубивоста на неговите жители: библиската љубов кон гостинот ќе ја сретнете на секој чекор, кога Малешевецот со една проста срдечност ќе ви ги отвори дверите на својот дом и ќе ве почести со надалеку прочуеното беровско сирење, компир, матеница, зелник, попарник, буламач..., чијашто традиција сѐ уште со многу вкус и неуморно се негува.

За овој број на Премин издвоивме неколку фотографии од приватни колекции на беровчани, како и од фото-збирката на манастирот Свети Архангел Михаил, една од најубавите знаменитости во градот. Повеќето од нив се од првата половина на дваесеттиот век.

Малешевијата е исто така позната по своите гатанки и поговорки, во коишто на еден истенчен начин е сублимирана мудроста на народниот гениј, честопати зачинета со хумор. Малешевецот знае да се пошегува над сопствената судбина, а тоа е секако одраз на висока култура.

# старо берово









# низ стари фотографии и гатанки



А ме пална, направих те улав.

(Ракија)

Бела, бела леица,
сос црна ситна пшеница.

(Книга сос писмо)

Бела Неда, сенка нема.

(Река)

Бела нива, црно семе ражџа.

(Книга)

Бела погача на с’нце испечена.

(Мед)

Бело го фрли ж’то падне.

(Јајце)

Брада има като поп,
опашка като сноп.

(Праз)

В’че теле родило,
през плет го фрлило.

(Тиква)



Ф една кошара сѐ бели коње.

(Рачија)

Глава има, заби нема.

(Кокошка)

Глава сос девет кошули обвиена.

(Кромида)

Гола е и боса, а свето облачи.

(Игла)

Грбаво прасе, по поле пасе.

(Срп)

Два вола, една шија.

(Бисази)

Два брата сѐ гледаа, а них не можат.

(Очи)

Дванаесет браќа се гонат и немош никогаш да се стигнат.

(Месеци во годината)

Девет души браќа фов една кошула.

(Бел лук)

Еден коч заклах, девет кожи одрах.

(Кромид)

Една черга сѐ прекрива, само реката не.

(Снег)

Висок Тодор на кашчи виси.

(Оџак)







На сека ритка и ќерамитка.

(Нокти)

Клета кучка, с’зи рони.

(Костура)

Јазик нема, а многу кажува.

(Книга)

На еден оѓин, цел свет грее.

(С нце

Кашча на еден дирек.

(Габа)

Никој го неќе, ама на секој дооди.

(Зло)

За месец се дига, век се живее.

(Кашча)

Мозок нема, в гора лае.

(Балтија)


Христос
се роди!

Ни се јаде ни се пие, а е
најслатко.
(Сон)

Поткован зајак сос дрвена
џелетка.
(Магаре)

Село без
оџаци. (Гробишча)

Триста братја фов една
кошула.
(Царевица)

Уста има јазик нема.
(Арен човек)

Фов една кошара триста
говеда, ни се отвара,
ни се затвара.

(Тиква)

Фов една кула 50 турци
с црвани капи.
(Кибрит)

Фов дрвен санд’к човеци
думаа.
(Радио)

Час пред тебе, час зад тебе.
(Сенка)

Четири браќа по пат одат,
никак да се сретнат.
(Тркала од кола)

На сред море, оѓин гори.

(Кандило)







Додека има брашно, не е страшно
Главата му служи сал' за потстрижување.
Господ забавја, ама не заборавја.
Брат не е брат, комшијата е брат.
Без мака нема раат.
Кој ногу знае, малку страда.
Матна вода не гази.
На чужџи гроб не се плаче.
Не видех аир од очите, та од клепките ле.
На друг сламката гледаш, на тебе гредата не гледаш.
Повеќе вреди човек да е умовит, отколку имовит.
Секој за себе, Господ за сите.
Ука крај нема.
Јагне не мати водата, оти ќе те изеда.
У мнозина ум, у малцина разум.
У сиромах да се најадеш, у богат да се наработиш.
Роди ме мајко сос к'смет, па ме фрли на бунишче.
Рода, да те глода.
Кој нож вади, од нож умира.
Јади пиј, гладен легни спиј.

од книгата: *Берово во просторот и времето*, од Благоја Алексов, Берово 2003